Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ
бр. 02-617/1
27.05.2021 год.
СКОПЈЕ

Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје

Технолошко-металуршки факултет Скопје

Врз основа на член 162, точка 1,4,5 член 173 и 174 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), член 4 и член 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), законски спроведената конкурсна постапка за избор и рецензијата објавена во Билтен бр.1236 од 15 април 2021 година, стр.303, Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршки факултет во Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.05.2021 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во соработничко звање - асистент**

1. м-р Андријана Чанкуловска, се избира во соработничко звање **асистент** на Технолошко-металуршки факултет Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. м-р Андријана Чанкуловска, се избира во звање асистент во наставно-научните области: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација (21000), неорганска технологија-друго (21003), вода, воздух и почва (22502).

3. Изборот се смета од 26.05.2021 година, кога именуваната ги стекнува сите права и обврски од работи и работни задачи на асистент на Технолошко-металуршки факултет Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

4. м-р Андријана Чанкуловска, асистент на Технолошко-металуршки факултет во Скопје, согласно одредбите од Законот за високото образование се избира за време од 3 години.

5.Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет постапувајќи во согласност со законските прописи, врз основа на Извештајот од рецензентската комисија објавен во Билтен бр.1236 од 15 април 2021 година, стр.303, на 3-та седница одржана на 25.05.2021 година донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до :
- именуваниот/та
- сметководство
- секретар
- архива

В.Д. Д е к а н
Проф. д-р Драгица Чамовска